**СПЕКТАР, год. XLII, бр. 84, Скопје, 2024.**
Институт за македонска литература во Скопје

УДК 821.111-2:929Бонд. Е.

**Деспина Ангеловска**
Универзитет „Свети Кирил и Методиј" во Скопје
Факултет за драмски уметности, Скопје
despina.angelovska@fdu.ukim.edu.mk

# ТЕАТАРСКАТА ПОЕТИКА НА ЕДВАРД БОНД: ДРАМАТА КАКО ТЕМЕЛ НА НАШАТА ЧОВЕЧНОСТ

**Клучни зборови:** Едвард Бонд, театарска поетика, драма, постбрехтовска естетика, современа трагедија, шокот на препознавањето, Бинго.

*Без утопија не би можело да има приказни, ниту човечки битија.*
Едвард Бонд, Нашата приказна[1]

## 1. Едвард Бонд и неговото творештво

Едвард Бонд, еден од најзначајните драмски автори и мислители на нашето време, почина на 3 март 2024 г. на 89 годишна возраст, оставајќи зад себе импозантен и разнолик драмски опус. Роден во 1934 г., Бонд припаѓа на генерацијата по Брехт и Арто, онаа, која од една страна била сведок на Аушвиц и Хирошима, на протестните движења и утопиите на 60-тите и 70-тите години, но и на падот на Берлинскиот ѕид и на длабоките промени од крајот на 80-тите, како и на глобализацијата и на економската и еколошка криза која оттогаш го тресе современиот свет.

Бонд не е само драмски писател, тој е и влијателен театарски режисер и педагог, плоден теоретичар на драмата и театарот, сценарист и поет, но и неуморен борец за правда и човечност. Во текот на целото свое творештво, Бонд нема да престане да ги преобмислува формите, целите и

[1] Edward Bond, „Our Story" во *The Hidden plot. Notes on Theatre and the State*, London: Methuen, 2000, стр. 4.

**Despina Angelovska**

## EDWARD BOND'S THEATRICAL POETICS: DRAMA AS FOUNDATION OF OUR HUMANITY

### Summary

This article seeks to pay tribute to Edward Bond's politically engaged theatrical work, acknowledging the importance of both his plays and theoretical writings, while presenting their essential aesthetic and dramaturgical characteristics. The paper analyses Bond's post-Brechtian aesthetics and his committed elaboration of a new tragic theater, inspired by the Ancient Greek and Jacobean tragedy, whose controversial - extreme and violent - situations aim at questioning the contemporary crisis and its loss of humanity and justice. The article especially focuses on the analysis of Bond's play *Bingo* in which the author develops a reflection on the responsibility of the writer in society and on the need of action against social injustice. The paper discusses Bond's reinterpretation of Aristotelian catharsis in the context of *Bingo*, arguing that the use of violence in his theater is intended to provoke the shock of recognition, which allows a better understanding of this phenomenon and of its societal and historical causes, while opening ways of resistance to it.
**Keywords:** Edward Bond, theater poetics, drama, post-Brechtian aesthetics, contemporary tragedy, shock of recognition, *Bingo*.